**Елаборат: Празникот „Лазарева сабота“ во Преспа**

**Категорија:** Нематеријално значајно културно наследство

**Статус:** Не е донесено Решение

**Година на изработка:** 2011

**Главен истражувач:** д-р Мери Стојанова, надворешен стручен соработник

**Опис на културното добро:** Лазарева сабота е ден пред празникот Цветници, односно недела дена пред празникот Велигден. Прославата на Лазарева сабота во Горна Преспа поседува одредени локални обележја. Обредните активности започнуваат во четвртокот, но почесто во петокот и тоа со обредното сечење и украсување на врбовите гранчиња т.н. стапчиња. Главните учесници се обредните поворки составени од групи на девојчиња на 12 и 13 годишна возраст кои пеејќи лазарски песни ги обиколуваат домаќинствата во селата. Домаќините ги дарувале со брашно, јајца, грав, а во поново време со пари.